Предлог

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) член 7 став 3 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24 и 132/25) и член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 17-та Седница одржана на ден __.10.2026 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
за изменување на Програмата за активностите
на Општина Велес во областа на културата во 2026 година

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2026 година се вршат следните изменувања:

- Во точката 1.Манифестации, во колоната „Предвидени средства“, износот „10.773.000,00“ се брише и се заменува со „10.094.000,00“.

- Во потточката со реден бр.1.1. „63. Рацинови средби“ во колоната „Предвидени средства“, износот „1.212.000,00“ се брише и се заменува со „1.017.000,00“.

- Во потточката со реден бр.1.3 „21. Интернационален фолклорен фестивал““ во колоната „Предвидени средства“, износот „1.456.000,00“ се брише и се заменува со „1.172.000,00“.

- Во потточката со реден бр.1.4 „Одбележување на значајни настани и личности“ во колоната „Предвидени средства“, износот „400.000,00“ се брише и се заменува со „200.000,00“.

- Во потточката со реден бр.1.8 „9.Ноември - Ден на Општина Велес“ во колоната „Предвидени средства“, износот „800.000,00“ се брише и се заменува со „900,000,00“.

- Во потточката со реден бр.1.18 „Непредвидени манифестации“ во колоната „Предвидени средства“, износот „300.000,00“ се брише и се заменува со „200.000,00“.

- Во точката 2 Поддршка на активности, во колоната „Предвидени средства“, износот „100.000,00“ се брише и се заменува со „50.000,00“.

- Во потточката со реден бр.2.1. „Негување на културата, традицијата и обичаите на заедницата“ во колоната „Предвидени средства“, износот „100.000,00“ се брише и се заменува со „50.000,00“.

- Во делот Вкупно, во колоната „Предвидени средства“, износот „11.643.000,00“ се брише и се заменува со „10.914.000,00“

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување,а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2026 година, се врши измена на предвидените средства во поглавјата: 1 Манифестации и 2 Поддршка на активности.

Предвидените средства на Годишната програма се намалуваат за 729.000,00 денари, од причина што е крај на календарска година и со овие измени на предвидени средства ќе се покријат трошоците за сите побарувања.

Зафатени се и реализирани манифестации за кои нема да се потребни средства за дополнителни подмирувања.

Единствено, во потточката со реден бр.1.8 „9.Ноември - Ден на Општина Велес“ се зголемува износот за 100.000,00 денари, со цел содржински и со квалитет да се збогати чествувањето на Денот на општината.

Вкупниот износ на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2026 од 11.643.000,00 се менува во 10.914,000 денари.

Финансиските средства кои се намалуваат од оваа програма ќе бидат предвидени во програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2026 година.

Во продолжение следи и табеларен приказ на измените:

Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2026 година		
	Назив	**Предвидени средства**
1	**Манифестации**	**10.094.000,00**
1.1	63.Рацинови средби	1.017.000,00
1.2	59.Детски Рацинови средби	150.000,00
1.3	21.Интернационален фолклорен фестивал	1.172.000,00
1.4	Одбележување на значајни настани и личности	200.000,00
1.5	Фестивал на комедија „5ре“ Организатор- Здружение на граѓани „Плус- публика Велес“	800.000,00
1.6	Фестивал на џез, ворлд и современа музика	600.000,00
1.7	Фестивал на античка драма „Стоби“ Организатор – НУЦК театар „Ј.Х.К.-Џинот“ - Велес	500.000,00
1.8	9. Ноември – Ден на Општина Велес	900.000,00
1.9	Новогодишна свеченост	75.000,00
1.10	Новогодишен хепенинг „Винтерфест“	600.000,00
1.11	Одбележување на Св. Трифун	280.000,00
1.12	Мотособир- Организатор - ЗГ-Мото клуб „Носачи на крстот“	400.000,00
1.13	Велешко лето 2026	1.200.000,00
1.14	Чествување на патронот и заштитникот на градот Велес-Св.вмч.Пантелејмон	200.000,00
1.15	Кино на отворено	300.000,00
1.16	Хуманитарен Божиќен концерт	400.000.00
1.17	Озвучување, осветлување и цветни аранжмани	1.100.000,00
1.18	Непредвидени манифестации	200.000,00
2	**Поддршка на активности**	**50.000,00**
2.1	Негување на културата, традицијата и обичаите на заедницата	50.000,00
3	**Поддршка на локални установи**	**200.000,00**
3.1	Комунални трошоци во Ликовен салон и спомен куќи	200.000,00
4	**Други расходи**	**570.000,00**
4.1	ЗАМП	500.000,00
4.2	Непредвидени трошоци	70.000,00

	Вкупно	**10.914.000,00**